УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2021

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска | Biljana Conevska Gunjovska, PhD. |

| Уредувачки одбор | Editors |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник | Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor |

| Техничко уредување | Technical editor |
|---|---|
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

| Јазично уредување | Language editor |
|---|---|
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |

| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**СОДРЖИНА - CONTENTS**

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ..........6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS..........12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..........18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ..........26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS..........31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ..........39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..........44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ..........53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY..........58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN'S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ..........79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ..........90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА..........94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА..........100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ..........115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ..........115

**Џеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..........128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ.................137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ" – ПРИЛЕП..................................................144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19.........................................................................153

UDK 658.86/.87:303.725.3(497.7)

# СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**м-р Марио Чобанов[1]**
[1] Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' - Скопје

Апстракт

Глобалните промени на кои бевме сведоци изминатата година придонесоа да дојде крајот на конвенционалните бизнис-модели и синџири на снабдување, како и активна емулација на современите трендови на синџирите на снабдување од страна на компаниите кои се насочени кон стратегијата за одржлив развој и доживотно учење. Целта на ова истражување во првиот дел е теоретски да се апстрахираат современите трендови на синџирите на снабдување во ерата на глобалните промени, додека во вториот дел, да се истражи и презентира состојбата на дел од домашните компании за примената на современите трендови на синџирите на снабдување во време на глобални промени, како и да се елаборираат перспективите од нивна емулација. Предметот и целта, но и актуелноста на ова истражување го наведе авторот да примени современа научноистражувачка методологија карактеристична за дадената научна реалност во поле на логистиката и синџирите на снабдување. Наодите од истражувањето ја потврдуваат генералната хипотеза која беше поставена: постои реална можност македонските компании во време на глобални промени да ја препознаат перспективата на современите трендови на синџирите на снабдување.

Клучни зборови: Логистика, маркетинг канали, дигитализација, вештачка интелигенција, циркуларна економија, одржлив развој.

# CONTEMPORARY TRENDS OF SUPPLY CHAINS IN TIME OF GLOBAL CHANGES - CONDITIONS AND PERSPECTIVES

**Mario Chobanov, M.Sc.[1]**
[1] Institute of Economics, University „St. Cyril and Methodius'' – Skopje

Abstract

The global changes we witnessed last year contributed to the end of conventional business models and supply chains, as well as the active emulation of modern supply chain trends by companies focused on a strategy for sustainable development and lifelong learning. The purpose of this research in the first part is to theoretically abstract the contemporary trends of supply chains in the era of global change, while in the second part, to research and present the conditions of some domestic companies for the application of contemporary supply chain trends in time of global change, as well as to elaborate perspectives on their emulation. The subject and purpose, but also the topicality of this research led the author to apply a contemporary scientific research methodology characteristic of the given scientific reality in the field of logistics and supply chains. The findings of the research confirm the general hypothesis that was set: there is a real possibility for Macedonian companies in a time of global change to recognize the perspective of contemporary supply chain trends.

Keywords: Logistics, marketing channels, digitalization, artificial intelligence, circular economy, sustainable development.

## 1. Вовед

Веќе е познато дека синџирите на снабдување тешко се поставуваат, а уште потешко циркулираат на пазарот. Токму од таа причина неопходна беше глобална промена на бизнис-моделите која доведе до проектирање на современи синџири на снабдување кои се потпираат врз стратегијата за одржлив развој и актуелните трендови на синџирите на снабдување.

Идејата за функционално унапредување на синџирите на снабдување не е нова. Таа датира изминатите петнаесет години, всушност со експанзијата на електронската, односно мобилната трговија, трансформацијата на компаниите од „тула-и-малтер'' во „тула-и-клик'' и „чисто-клик компании'', како што ги именуваат почитуваните Котлер и Келер. Исто така, голем удел за појава на овие трендови има и појавата на т.н. „omnichannel'' маркетингот, односно маркетингот преку сите канали и тоа во време на отворените трансформациски процеси. Освен динамиката на пазарот и наведените појави, причина за проектирање, заинтересираност и емулација на трендовите на синџирите на снабдување се однесува на интегрираниот пристап на маркетингот со логистиката, особено во полето на дистрибуцијата, каде всушност маркетингот и логистиката се вкрстуваат во еден синџир на снабдување.

Овој труд е замислен како пресек на теорија и практика, односно во првиот дел авторот врши теоретска систематизација на актуелните, современи трендови на синџирите на снабдување, додека во вториот дел, се концентрира на практично осознавање на научната реалност преку спроведено емпириско истражување.

## 2. Теоретско детерминирање на актуелните трендови на синџирите на снабдување

Синџирот на снабдување претставува систем кој ги координира и интегрира сите активности кои ги обавуваат учесниците во синџирот на снабдување низ единствен процес – од изворот, до точката на крајниот корисник. [166]

Кога внимателно ќе се анализира оваа дефиниција, може лесно да се дојде до констатација дека синџирите на снабдување кои се протегаат од почетната, до крајната точка, мора да имаат обезбедено непречен проток и дека секое блокирање на мрежата ќе доведе до нарушена ефикасност и застој. Токму од оваа причина, во текот на минатата година која ја обележаа мрежни блокади, менаџерите мораа брзо да реагираат и да обезбедат максимален проток низ синџирите на снабдување.[167] Тоа значи дека менаџментот на синџирите на снабдување (Supply Chain Menagement: SCM) мораше навремено да ги усвои новите трендови, од кои:

1. *Глобализација, интернационацизација* и *дигитализација* на синџирите на снабдување.

Денес, преку оф-шор извори, производство и монтажа, синџирите на снабдување се протегаат од една страна на светот, до друга.[168] Така поставените синџири на снабдување беа погодени од глобалните промени и мораа да го пренасочат својот синџир кон дигитализацијата. Токму затоа, овие два, односно три трендови интегрираа во времето на глобалните промени и се предвидува дека и понатаму ќе настанате се поголема т.н. *глобализација на работната сила*. Тоа значи дека компаниите се повеќе ќе работат и настапуваат на глобалните пазари.

Глобализацијата на синџирите на снабдување како тренд се потпира на: *аутсорсинг компании, виртуелни синџири на снабдување, економии од обем, спојувања и преземања* итн. Додека, дигитализацијата се потпира на *електронската трговија, мобилната трговија и чисто-клик компаниите*.

Овие трендови не треба да се анализираат одвоено, од причина што се потпираат еден врз друг.

2. *„Last mile delivery"* и иновативни решенија за ефикасна испорака и интелигентни транспортни системи. Актуелноста на овој тренд ќе продолжи и понатака, особено во малопродажбата;
3. Развој на *„omnichannel'' маркетинг*, односно продажба преку сите канали. Имено, овој тренд настана како резултат на глобалните промени во *однесувањето на потрошувачите* кое отвори нови шанси и нови канали на продажба, како и нови кликни-и-собери можности;
4. *Роботизација* и *автоматизација* на складиштата која се должи на дигитализацијата на работната сила во одделни работни подрачја;
5. *„Big data analytics''* и достапност на релевантните податоци за носење на одлуки, од причина што современите трендови на синџирите на снабдување побаруваат интегрирано планирање и предвидување (сценарио);
6. *Вештачка интелигенција* чија примена може да доведе до раст на глобалниот БДП до 14 %, особено со примена на *chatbot* иновации. На пример, четботот „Славчо'' на „А1'';
7. Имплементација на *кружни (циркуларни) синџири на снабдување* и *зелена логистика* поради постигнување на деловна зрелост и преземање на одговорност за животната средина, а од друга страна многу *3PL и 4PL* агенции предвидуваат потенцијални заштеди до три билиони американски долари во предвиден рок до 2025 година;
8. *Одржливиот развој* во време на глобалните промени стана тренд и единствена стратегија за опстојување на пазарот. Имено, *зелената логистика* и *зелените синџири на снабдување* се резултат на *цирлуларната економија* и *одржливиот развој*;
9. *Агилноста* и *брзиот одговор* на синџирите на снабдување, како и пред десеттина години, продолжуваат да бидат актуелни и денес, па може да се каже дека се едни од ретките трендови кои не заминаа во минатото во времето на глобалните промени.

Анализирајќи ги научноистражувачките трудови од оваа одина во полото на економските, односно организациските науки и управување (менаџмент), на прв поглед се чини дека некои трендови и технологии останаа во минатото. Таков пример е блокчеин-технологијата. Имено, како и со многу трендови кои беа важни пред пандемискиот хит, во 2021 година тој не се најде на насловните страници од стручните списанија, како што беше предвидено. Но, развојот е во тек и годината бележи

[166] Петковска – Мирчевска, Т. (2020 / 2021), Синџири на снабдување и продажба, Економски институт – Скопје, авторизирани предавања.

[167] Малите системи, многу поефикасно го обезбедија протокот низ синџирите на снабдување, поради нивната капитална дистрибуција, додека големите системи поради централизираната дистрибуција и економиите од обем се соочија со почетен застој.

[168] Апостолов, М. (2013), Бизнис администрација на логистиката, Светски Релации, стручна монографија.

континуирано прифаќање на технологијата низ многу индустрии и сектори[169], на пример во полето на царината и царинското работење.

Сите трендови кои се елаборирани погоре, својата актуелност ја должат на *седумте големи бизнис трансформации* кои датираат од пред петнаесеттина години, па така споредбено со актуелните трендови кои се елаборирани на почетокот од оваа теза може да се забележи трансформацијата и умирањето на некои од трендовите, и тоа од *"камиони и магацини"*, преку менаџментот *"од-крај-до-крај"* кој de facto останува во минатото, па се до актуелниот *кружен синџир на снабдување.* Поинаку кажано, зборуваме за трансформацијата од линеарна во циркуларна економија и одржлив развој.

Според некои автори[170], *седумте големи трансформации* се следниве:

1. Од добавувач-центрични кон потрошувач-центрични;
2. Од push кон pull;
3. Од залихи кон информации;
4. Од трансакции кон односи / врски;
5. Од "камиони и магацини" кон менаџмент "од-крај-до-крај";
6. Од функции кон процеси;
7. Од самостојна конкуренција кон мрежно ривалство.

Трансформацијата на бизнис-моделите, умирањето на трендовите и емулацијата на новите трендови во поле на логистиката и синџирите на снабдување (и воопшто на економската реалност) се должи и на фактот според д-р Кикеркова[171], дека „постојано се среќаваме со информации за изменетата економска, политичка и културна слика на светот, како и за се поголемата поврзаност и меѓузависност на економиите и луѓето на целата Земјена Топка''.

## 3. Вовед во емпириското истражување

*Целта* на емпириското истражување е да се истражи и презентира состојбата на дел од домашните компании за примената на современите трендови на синџирите на снабдување во време на глобални промени, како и да се елаборираат перспективите од нивна емулација. Оваа цел наметнува и неколку работни *задачи*, и тоа:

- Систематизирање на теоретската реалност;
- Градење на цврста основа за истражувањата кои надоаѓаат од страна на младите истражувачи;
- Анализа на теоретските и практичните феномени во време на глобалните промени.

*Предмет* на емпириското истражување се трендовите на синџирите на снабдување во време на глобалните промени.

*Методологијата* на емпириското истражување е карактеристична за научната реалност на ова поле. Во овој дел, применети се следниве научноистражувачки методи:

- *Метод на (интернет) анкетирање* кој беше неопходен за да се добијат податоците и претворат во информации.

- *Метод на дискриптивна анализа* кој беше неопходен за опишување и објаснување на сите сегменти од емпириското истражување.

Генералната *хипотеза* на целокупното истражување (теоретски и практичен дел) гласи: *постои реална можност македонските компании во време на глобални промени да ја препознаат перспективата на современите трендови на синџирите на снабдување.*

Истражувањето е спроведено на почеток од второто тромесечје од 2021 година и тоа врз 87 домашни компании, од кои 13 не одговорија на дадениот анкетен прашалник во дадениот рок (1.6.2021 – 10.6.2021)

Со оглед дека следењето на трендовите на синџирите на снабдување треба да биде иницирано од страна на топ-менаџментот на секоја компанија, така и ова истражување се насочи кон испитување на топ-менаџментот на компаниите.

Како инструмент на емпириското истражување беше применет анкетниот прашалник кој се состоеше од три претпоставки, односно посебни хипотези и тоа од затворен тип кои беа презентирани на *Ликертова скала* со цел да се утврди градацијата на дадените одговори.

Опфатени беа следниве степшени потребни за утврдување на градација на одговорите:

1. Воопшто не се согласувам;
2. Не се согласувам;
3. Немам мислење;

[169] Forbs, The Six Biggest Blockchain Trends Everyone Should Know About 2021, преземено на 26.6.2021 https://www.forbes.com/sites/bernardmarr/2021/03/12/the-six-biggest-blockchain-trends-everyone-should-know-about-in-2021/?sh=b96fe1366315

[170] Апостолов М. (2009), Бизнис логистика, Универзитет ,,Гоце Делчев'' – Штип, авторизирани предавања

[171] Кикеркова И. (2003), Меѓународна економија, Економски факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' – Скопје, универзитетски учебник

4. Се согласувам;
5. Се согласувам во целост.

Во одговорите на прашањата не е вклучено тестирање на варијаблите, туку дистрибуцијата е разгледана и претставена на основа на вкупниот број на испитаници. Прашалникот е спроведен индивидуално до секој испитаник, имајќи ја во предвид етичката димензија на поставеноста на прашањата, како и заштитата на личните податоци во однос на јавно презентирање на истите, без да се наруши кредибилитетот, како на самите вработени така и на самата институција.

### 3.1. Интерпретација и анализа на посебна хипотеза 1

Првата претпоставка, односно посебна хипотеза гласеше: *топ-менаџментот на компанијата е информиран за современите трендови на синџирите на снабдување и корисноста од нивно следење.*




Графикон 1: Резултати од првата претпоставка
Chart 1: Results of the first assumption

Во врска со анализа и интерпретација на одговорите на поставеното тврдење, добиена е следната распределба: 11% од испитаниците не се согласуваат со поставениот став (категории: „Воопшто не се согласувам“ и „Не се согласувам), 23% од испитаниците се неодлучни во однос на својот став и 66% од испитаниците се согласуваат со ставот (категории: „Се согласувам“ и „Се согласувам во целост“). Во согласност со наведеното, постои високо ниво на информираност од страна на топ-менаџментот на испитаната компанија за современите трендови и корисноста од нивно следење. На основа на наведеното, посебната хипотеза 1 во рамките на емпириското истражување се докажува како *позитивна*.

### 3.2. Интерпретација и анализа на посебна хипотеза 2

Втората претпоставка, односно посебна хипотеза гласеше: *топ-менаџментот на компанијата следи најмалку три трендови на синџири на снабдување кои се актуелни во тековната година.*




Графикон 2: Резултати од втората претпоставка
Chart 2: Results of the second assumption

Во согласност со распределбата на одговори на втората хипотеза, добиена е следната процентуална застапеност: 15% од испитаниците не се согласуваат со тврдењето (категории: „Воопшто не се согласувам“ и „Не се согласувам“), 17% се неодлучни во својот став и 68% од испитаниците се согласуваат со тврдењето (категории: „Се согласувам“ и „Се согласувам во целост“).

Врз основа на наведеното, посебната хипотеза 2 во рамките на емпириското истражување се докажува како *позитивна*. Овој позитивен тренд се должи на интернационализацијата на синџирите на снабдување, односно трендот МСП да партиципираат на глобалниот пазар, по основ на: извор и увоз за облагородување, интегрирани комуникации, франшизинг, оф-шор извори на финансирање, аутсорсинг трендови итн.

### 3.3. Интерпретација и анализа на посебна хипотеза 3

Третата претпоставка, односно посебна хипотеза гласеше: *потребна е дополнителна едукација за современите трендови на синџирите на снабдување во време на глобални промени.*




Графикон 3: Резултати од третата претпоставка
Chart 3: Results of the third assumption

Во рамки на распределбата на одговорите на третата претпоставка, односно хипотеза приложени се особено важни податоци, со цел да се увиди размислувањето на испитаниците во врска со желбата за дополнителна едукација за современите трендови на синџирите на снабдување во услови на глобални промени кои воедно се реално применливи во македонски услови, односно од страна на деловните ентитети на државата. Имено, поставена е следната распределба на одговори: 5% од испитаниците не се согласуваат со тврдењето (категории: „Воопшто не се согласувам“ и „Не се согласувам“) 7% од испитаниците се неодлучни во својот став и 88% од испитаниците се согласуваат со тврдењето (категории: „Се согласувам“ и „Се согласувам во целост“). Следствено, постои високо ниво на свесност кај испитаниците за дополнителна едукација во ова поле (бизнис-логистика и менаџмент на синџири на снабдување). Од приложените резултати може да се заклучи дека македонските топ-менаџери се подготвени за процесот на доживотно учење и развој на бизнисите со кои управуваат.

Врз основа на наведеното, посебната хипотеза 3 во рамките на емпириското истражување се докажува како *позитивна*.

### 3.4. Интерпретација на генерална хипотеза – наод од емпириското истражување

Според приложените анализи и интерпретации кои се прикажани во рамки на посебна хипотеза 1, 2 и 3, односно графикон 1, 2 и 3 со цел докажување на веродостојноста на истите, се пристапува кон анализа и интерпретација на генералната хипотеза на трудот. Притоа, на основа на изнесеното, истата е докажана како *позитивна*, односно: *постои реална можност македонските компании да ја препознаат перспективата на современите трендови на синџирите на снабдување.*

Во прилог на резултатите кои се постигнати од ова истражување, остварената цел, како и квалитетот и квантитетот на одговорите може да се наведе дека домашните компании, односно менаџерите ја препознаваат перспективата и ги следат трендовите на синџирите на снабдување. Според ова, софистицираните трендови на синџирите на снабдување во време на глобални промени стануваат една од водечките теми на академската заедница, во соработка со управувачките тимови на компаниите.

Доколку се анализираат научноистражувачките трудови на струката во последните неколку месеци, ќе се дојде до релативно цврста претпоставка дека следењето на глобалните трендови на синџирите на снабдување ги обезбедува следниве перспективи:

- Зголемена мрежна видливост на глобалните синџири на снабдување;
- Ефикасност на логистичките процеси и операции;
- Системска ефикасност на синџирите на снабдување;
- Нови можности за планирање и оптимизација на синџирите на снабдување;
- Непречено функционирање на транспортните системи;
- Намалена комплексност при настап на странските пазари;[172]
- Намалување на флуктуациите и дефицитот на работната сила.

Имено, секој тренд донесува и сопствена перспектива, па така роботизацијата и автоматизацијата на производствената логистика се зголемува насекаде околу светот.

Според меѓународната федерација за роботика, има повеќе од 2.4 милиони индустриски работи кои работат во фабриките ширум светот, Во производствениот сектор само, 99 единици роботи на 10000 вработени, во споредба со просечната застапеност од 66 единици пред неколку години.[173]

Автомобилската индустрија се карактеризира со голем процент (до 30%) на примена на трендовите на автоматизација, односно роботизација, потоа телекомуникациската индустрија.

### 3.5. Ограничувања на емпириското истражување и препорака за идните истражувања

Како што беше напоменато во воведниот дел од емпириското истражување. Истражени беа 87 домашни компании, односно 87 топ-менаџери, додека 13 компании, односно топ-менаџери не одговорија на прашалникот во дадениот рок.

Како ограничување на ова емпириско истражување може да се наведе фактот дека сеуште не е истражен целиот пазар, но и покрај целната бројка од 100 компании, 87 од нив го дадоа своето мислење и покажаа желба за соработка со академската заедница. Овој факт уште еднаш ја потврдува потребата од големи истражувања, односно постои потреба од истражување на поголем број на домашни компании кои ќе бидат сортирани според големината на учество на националниот пазар (мали, средни и големи претпријатија). Освен според нивната големина, неопходно е компаниите да се сортираат според типот на деловниот ентитет (производствени, трговски и услужни претпријатија), Оваа распределба би овозможила полесен пристап на информации на истражувачите во полето на бизнис-логистиката и синџирите на снабдување.

## 4. Заклучок

Врз основа на проучуваното, јасно е дека настанаа големи промени врз трендовите на синџирите на снабдување. Тоа значи дека оние трендови кои пред една година беа актуелни, заминаа во минатото, а дојдоа нови трендови на пазарот кои го освоија вниманието на менаџерите по бизнис логистика и синџири на снабдување. Сепак, мал дел од трендовите кои беа актуелни пред да настанат глобалните промени останаа актуелни и беа поттик за создавање на нови трендови. Тоа се глобализацијата, интернационализацијата, дигитализацијата, агилноста и брзиот одговор на синџирите на снабдување. Но, голем удел во бранот од нови трендови придонесе и апликацијата на кружниот менаџмент, односно циркуларната економија и принципите на одржливиот развој.

Според спроведеното истражување може да се заклучи дека дел од националните компании кои се испитани, без сомнение се запознаени со современите трендови на синџирите на снабдување и ја разбираат корисноста од нивната примена. Воедно, резултатите од исражувањето укажуваат на фактот дека освен информативниот аспект за трендовите, исполнет е и апликативниот дел, односно компаниите применуваат повеќе современи трендови во нивното деловно работење. Во прилог на истражувањето, фактот кој радува е дека менаџментот на испитаните компании чувствува потреба за дополнителна едукација на ова поле. Тоа значи дека глобалните промени го поттикнаа и процесот на доживотно учење на компаниите, а логистиката и синџирите на снабдување стануваат се поголем предизвик на науката и практиката.

Како последна мисла, мора да се истакне дека домашните компании се повеќе ќе бидат ангажирани за примена на современите трендови на синџирите на снабдување, ќе настане се поголема дигитализација на работната сила, како и се поголема глобална рамка на синџирите на снабдување на националните МСП.

## Користена литература

1. Апостолов, М. (2013), Бизнис администрација на логистиката, Светски Релации, стручна монографија

[172] Оваа перспектива се должи на трендовите на интернационализација на синџирите на снабдување, односно интенцијатата на националните МСП да ги интернационализираат своите синџири на снабдување и продажба.

[173] Kacarski M. E. Panova K. (2021), Digital trade: challenges and opportunities for developing countries, Institute of Knowledge Menagement, Knowledge – Internation Journal Vol. 45.1

2. Апостолов М. (2009), Бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев'' – Штип, авторизирани предавања
3. Кикеркова И. (2003), Меѓународна економија, Економски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' – Скопје, универзитетски учебник
4. Котлер Ф. Келер К. Л. (2009), Маркетинг менаџмент, АРС Ламина, превод од Влада на РСМ
5. Kacarski M. E. Panova K. (2021), Digital trade: challenges and opportunities for developing countries, Institute of Knowledge Menagement, Knowledge – Internation Journal Vol. 45.1
6. Петковска М. Т. (2020 / 2021), Синџири на снабдување и продажба, Економски институт – Скопје при УКИМ, авторизирани предавања.
7. Forbs, The Six Biggest Blockchain Trends Everyone Should Know About 2021, преземено на 26.6.2021, https://www.forbes.com/sites/bernardmarr/2021/03/12/the-six-biggest-blockchain-trends-everyone-should-know-about-in-2021/?sh=b96fe1366315